**Известување за концентрација со која Друштвото ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград, Република Србија ќе стекне целосна контрола над Трговско друштво ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград–Земун, Трговско друштво ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград (Земун), ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград-Земун, ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград, ЦЛОУДИС ДОО Белград-Земун, Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград-Земун, ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград, ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА, Друштво за трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-135 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.09.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Друштвото ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун 11080 Белград, Р.Србија има сериозна намера да стекне целосна контрола преку стекнување на 100% сопственост над уделите во следните друштва:

- **Трговско друштво ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград–Земун**, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград и предмет на работење - производство на компјутери и периферна опрема;
- **Трговско друштво ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград (Земун)**, ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград и предмет на работење трговија на мало со компјутери додатни единиц и софтвер во специјализирани продавници;
- **ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење дејности на библиотека и архива;
- **ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград,** ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење компјутерско програмирање;
- **ЦЛОУДИС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење компјутерско програмирање;
- **Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење изградба на станбени и нестанбени згради;
- **ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење товарен патен транспорт;
- **ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА**, ул.8 Март бр.55 Подгорица и предмет на работење трговија на големо со компјутери, компјутерска опрема и софтвери и
- **Друштво за трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**, ул.9-ти Мај бр.5 Центар и предмет на работење трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема.

Друштвото ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград има предмет на работење-дејност на холдинг компанија.

Учесниците во концентрацијата како релевантен пазар за оцена на предложената концентрација ги земаат: дистрибуцијата, системската интеграција, малопродажбата, транспортот и логистиката на ИТ опрема и потрошувачка електроника, дејности на изградба на станбени и нестанбени згради и активности на библиотека и архива.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

17.09.2025 година

Скопје